Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

Бр. ___________________
2022 год

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

**До: Асоцијација за згрижување и вдомување на бездомни животни „БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ БЕЗ ГРАНИЦИ“ Скопје
Ул. „Иван Манелов“ 87 а, 1000 Скопје**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашите забелешки по однос на предлог текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, Ве известуваме за следното:

1. Амандманот во текстот во однос на членот 3 Дефиниции **делумно се прифаќа**.

Образложение: По разгледување на доставените забелешки по однос на предлог Законот, од страна на различни субјекти, АХВ ќе го преработи текстот на законот и ќе инкорпорира неколку нови дефиниции вклучително и дефиниција за одгледувачница за домашни миленици каде ќе бидат опфатени и другите видови домажни миленици освен кучињата.

2. Предлог за додавање на нова точка каде се дефинира „регистриран одгледувач на домашни миленици“ во член 3 став (2) точка 48 **делумно се прифаќа**

Образложение: Се прифаќа дефиницијата, односно наместо регистриран сопственик во предлог текстот да биде дефиниран како регистриран одгледувач на куче. Одгледувачниците на домашни миленици освен видот на животни куче ќе бидат регистрирани како одгледувачници за домашни миленици.

3. Предлог дополнително дефинирање на член 26 **не се прифаќа.**

Образложение: Временската рамка за идентификација и регистрација на животните детално е регулирана со други материјални закони и подзаконски акти како што е Законот за идентификација и регистрација на животните и

Правилникот за идентификација и регистрација на домашни миленици. Во однос на возраста на која е медицински индуцирано да се изврши стерилизација на животното, проценката и самата хируршка интервенција ја врши лиценциран Доктор по ветеринарна медицина.

4. Предлог за стерилизација на мачки за стерилизација **се прифаќа**

Образложение: Во предлог текстот од Законот ќе се инкорпорира одредба дека сопствениците треба да ги стерилизираат мачките освен во случај ако немаат регистрирано одгледувачница за домашни миленици.

5. Предлог за регистрација на домашни миленици и одгледувачниците дека треба да бидат регистрирани **се прифаќа,** односно истото е веќе инкорпорирано во предлог законот.

Образложение. Со предлог текстот на законот, сите оние субјекти кои држат репродуктивно способен домашен миленик ќе треба да бидат регистрирани како регистрирани одгледувачи на куче, одгледувачница за домашни миленици, одгледувачница за кучиња и одгледувачница за кучиња со родовник и задолжително да водат евиденција.

6. Предлогот за по конкретно дефинирање на привремено чување на домашен миленик и за пансиони **делумно се прифаќа**.

Образложение: Во дефиницијата на предлог текстот од законот ќе се дефинира делот дека преземањето на кучињата се врши на барање на сопствениците.

7. Предлогот за дефиницијата за регистриран сопственик на куче да се замени со регистриран одгледувач на куче **се прифаќа.**

8. Предлогот за дефинирање на продавниците за домашни миленици **не се прифаќа.**

Образложение: Дефиницијата за продавници за домашни миленици ќе биде инкорпорирана во Правилникот за продавници за дмоашни миленици кој ќе биде изготвен по донбесување на Законот.

9. Предлог за надлежни органи и нивни улоги **не се прифаќа**.

Образложение: Сметаме дека одредбата треба да остане, со оглед на тоа дека држењето на домашни миленици во урбани заедници е во зависност и со други материјални закони како што се: Законот за комунални дејности, Законот за јавна чистота, Законот за прекршоци за јавен ред и мир итн, а особено одлуките за комунален ред кои ги носат месно надлежните општини.

10. Предлогот за одобрение за превозници, **не се прифаќа.**

Образложение: За да добијат одобрение за превозник а се од трети земји превозниците треба да имаат свое претставништво во Република Македонија.

11. Предлогот за глоби **се прифаќа.**

Образложение: Согласно политиките на Владата на Република Северна Македонија, казнените одредби на материјалните закони треба да се усогласат со Законот за прекршоците. Агенцијата за храна и ватеринарство изврши корекција на висината на казните и ги утврди максимално дозволените за Законот биде усогласен со Законот за прекршоците.

12. Предлогот за да се исклучи можноста за депопулација на животните **не се прифаќа**.

Образложение: Депопулација на одгледувалиште за економско искористување (принудно колење) е во случај на констатирање на прекршок кога сопствениците на фармски животни не обезбедиле заштита и благосостојбата на животните кои се под нивна грижа и не спречиле нанесување на непотребна болка, страдање или повреда а е со крајна цел заштита на животните од понатамошно страдање.

13. Во однос на Предлогот за измени и дополнувања на постоечкиот закон, Ве известуваме дека **не се прифаќа** од причина дека Забелешките не се однесуваат на предлог текстот на Законот за измена и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните. За измена на постоечкиот Закон за заштита и благосостојба на животните може да поднесете соодветна иницијатива до Собранието на Република Северна Македонија.

Со почит,

**В.Д. Директор,**
Николче Бабовски

Изготвил: Димитар Терзиевски
Контролирал: Грета Николовска
Одобрил: Вања Кондратенко

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Архива на АХВ
-СЗЗБЖ